Број на Службен весник:184/2011
Датум на објава на Службен весник:29.12.2011
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/
Испечати го документот

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 12 став (3) од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/07 и 148/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА СЕМЕТО ИЛИ КВАЛИТЕТ НА ДЕЛОВИ ОД РАСТЕНИЕТО ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА КВАЛИТЕТ НА СЕМЕТО ИЛИ КВАЛИТЕТ НА ДЕЛОВИ ОД РАСТЕНИЕТО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на уверение за квалитет на семето или квалитет на делови од растението односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на уверение за квалитет на семето или квалитет на делови од растението во рокот утврден во член 12 став (2) од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

## Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради неиздавање на уверение квалитет на семето или квалитет на делови од растението односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на уверение за квалитет на семето или квалитет на делови од растението“, во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето, седиште на правното лице односно име на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето, датум и место за потпис на подносителот на барањето.**лен 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-13110
19 декември 2011 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

ДО
Писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Б А Р А Њ Е**

зарaди неиздавање на решение за регистрирање за промет со репродуктивен материјал во регистарот на производители и трговци односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на решение за регистрирање за промет со репродуктивен материјал во регистарот на производители и трговци

Од_______________________________________________________________

(назив на правното лице/име и презиме на физичкото лице – подносител на барањето)

_________________________________________________________________

( седиште на правно лице/адреса на физичкото лице – подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно член 12 став (2) од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи по барањето за издавање на решение за регистрирање за промет со репродуктивен материјал во регистарот на производители и трговци поднесено под број _________________ од _____________ до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, чија копија ви ја доставувам во прилог.

.

Датум и место на поднесување

_____________________________

Барател

____________________.